**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Шумарски факултет во Скопје**

**Катедра за ботаника и дендрологија**

***Насока: Озеленување и унапредување на животната средина***

# *ТЕРЕНСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАЦИОНАРНАТА ТЕРЕНСКА НАСТАВА „ЧЕПЛЕС 2009“*

На падините на планинскиот масив Јакупица, во почетокот на јуни, ние, студентите од прва година на студии на насоките **озеленување и унапредување на животната средина** и **шумарство** следевме тридневна теренска настава по предметите **дендрологија** и **шумарска педологија со петрографија**.

Планинарскиот дом „Чеплес“, изграден на надморска височина од 1 450 m, беше научно-истражувачка база за нас, студентите, како и за наставниот кадар во периодот од 1 до 3 јуни 2009 година.

Поаѓањето започна во 6 и 46 минути од железничката станица во Скопје. По околу два часа патување со воз, пристигнавме во с. Богомила, велешко. Оттука, со товарно моторно возило, заедно со предметниот асистент по дендрологија, Бојан Симовски, се упативме кон с. Папрадиште и, по мала починка и координација, се тргна по планинарски пат кон искачување на височините на недопрениот планински масив Јакупица. По пат, имавме можност да се запознаеме на терен со некои поважни дрвенести видови во Македонија, еколошките услови во кои растат и се развиваат, како и дел од шумските заедници распоредени височински.

Шумскиот појас на планинскиот масив Јакупица започнува со шумската заедница *Querco - Carpinetum orientalis,* составена во најголем дел од видовите *Quercus pubescens* и *Carpinum orientalis,* заедница која гради деградирани шуми од вегетативен карактер. Потоа следи појас со заедницата *Quercetum frainetto cerris* во којашто доминираат *Quercus frainetto* и *Quercus cerris*. Дабовите шумски зедници завршуваат со појасот *Orno - Quercetum petraea* и видовите *Fraxinus ornus* и *Quercus petraea*. Од околу 900 m надморска височина започнува првиот буков шумски потпојас *as. Fagetum submontanum* од видот *Fagus moesiaca (syn. F. silvatica ssp. moesiaca)* што претставува деградирана шума од вегетативен карактер. На 1 200 m н.в. следи вториот буков потпојас *as. Fagetum montanum*, односно горскиот буков шумски потпојас, еден од најзначајните за македонското шумско стопанство. Третиот буков потпојас *as. Fagetum subalpinum* е прошаран и со видовите *Viburnum lantana, Juniperus nana, Juniperus communis, Juniperus intermedia* и многу други дрвенести и тревести видови. Околу планинарскиот дом се простира и мал вештачки подигнат насад од *Pinus silvestris*, а при врвовите, како крајна граница на дрвенестите видови се сретнува *Pinus mugo*. Во текот на планинарењето беа запазени и видовите *Pteridium aquilinium, Sorbus spp., Prunus avium*, јавори од видовите *Acer intermedium, Acer pseudoplatanus, Acer campestre* и *Acer heldreichii* и видовите *Ostrya carpinifolia, Cerpinus orientalis, Cerpinus betulus*.

Кусите починки претставуваа вистинско уживање во изворите и водопадите на реката Бабуна, длабоката ладовина под крошните на буковата шума, но и ни ја пружаа нужната заштита од дождливото време, кадешто можевме да се запознаеме и со крајречната дендофлора на Јакупица. Од крајречната дендрофлора ги забележавме видовите *Salix alba, Salix caprea,* потоа *Populus tremula, Populus alba, Betula pendula, Alnus glutinosa* и др.

Следниот ден претставуваше одлична прилика за активно учење и прошетка кон врвот Солунска Глава. Сепак, поради лошите временски услови, теренската настава се одвиваше во околните предели на ПД „Чеплес“. Заедно со д-р Коле Василевски, предметен професор по шумарска педологија со петрографија, беа изведени показни вежби за карактеристики на педолошко-геолошките услови во тој предел. Дендролошко-фитоценолошките карактеристики на околната букова и буково-елова шума беа образложени од страна на предметниот професор д-р Јане Ацевски. Месноста над домот, со својата пространост и растителна разновидност беше одлично место за одмор и сумирање на стекнатите информации, како и за собирање на хербарски материјал.

Попладнето, по иницијатива и организација на проф. д-р Јане Ацевски се спроведе акција за расчистување и отворање на блиската шума од диви цреши. Оваа година, за прв пат, покрај редовното разубавување на просторот околу планинарскиот дом, имавме можност практично да изведеме озеленување на простор за алпинеум и создавање на рекреативно место за пасивен и активен одмор во црешовата шума, коешто сеуште треба да се доработува, но тоа го оставивме за следните генерации студенти- и тие да дадат свое учество во разубавувањето на и така прекрасниот предел.

Меѓусебното дружење, подобро запознавање и заедничката работа се континуиран и постојан дел од оваа теренска настава. За жал, годинава временските прилики не беа особено наклонети за изведување на настава во природа, но беа поттик за вистинско теренско доживување.

Утредента, рано наутро, најиздржливите се упатија кон врвот Солунска Глава, поточно кон месноста Бабина Дупка, со поаѓање во 6 часот наутро се упатија кон врвот. Искачувањето беше до околу 1800 m надморска височина, но беа спречени од неповолните временски услови да се отиде до врвот.

На истиот начин како што се изведе доаѓањето на „Чеплес“, секако не оставајќи ништо зад себе што не е во согласност со правилата за однесување во природа, така и се замина повторно кон Скопје. Враќањето не се одвиваше по истата патека, по која се искачивме, туку по шумски пат, кој поминуваше од друг крај на планинскиот масив, со што имавме можност да ја видиме р. Бабуна која што извира од планинскиот масив. Притоа, за одбележување е кусиот одмор за оброк во рибникот во месноста Нежилово, и потоа враќајки се назад во с. Богомила, со воз се вративме во Скопје.

Во Скопје, 4.VI 2009 година.

Предметни наставници:

*Проф. д-р* Јане Ацевски

*Пом. асс.* Бојан Симовски

Составил:

Благој Николов 6558